АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-219/6
30.10. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/19 и 87/21), а согласно Одлуката за изменување на Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.02-219/5 од 30.10.2023 година, Комисијата на Агенцијата за пошти Скопје, на ден 30.10.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНА НА ПЛАНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Планот за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2023 година.

Член 2

Во Планот за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2023 година, донесен со Одлука бр. 02-40/5 од 30.01.2023 година, во глава II - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, во редниот број 10 - во предметот на договорот за јавна набавка на услуги за истражување на пазарот - истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга во колоната проценета вредност без ДДВ износот: „135.593 денари" се заменува со износот: „165.254 денари", во редниот број 13 со предмет на договорот за јавна набавка на услуги за архивирање и Дигитална архива во колоната проценета вредност без ДДВ износот: „152.542 денари" се заменува со износот: „42.373 денари" и редниот број 16 со предмет на договорот за јавна набавка на консултантски (советодавни) услуги - проверка на методологија за посебно сметководство и алокација на трошоци се брише.

Член 3

Изменетиот план за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2023 година, во форма на пречистен текст е составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата на Агенцијата за пошти го разгледа предлог Планот за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2023 година поднесен од директорката, со кој се врши изменување на Планот за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2023 година донесен на 30.01.2023 година и оцени дека новиот План по содржина и структура е во согласност со одредбите од Закон за јавни набавки, како и со одредбите од Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки, од Правилникот за видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги и од другите прописи од оваа област.

Комисијата на Агенцијата за пошти оцени дека новиот План за јавни набавки е во согласност со изменетиот Финансиски план за 2023 година, донесен од страна на Комисијата на ден 30.10.2023 година со Одлука за измена на Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2023 година бр. 02-219/5 од 30.10.2021 година, со која на расходната ставка 41723 – Услуги за истражување на пазарот ќе се пренаменат средства во износ од 35.000 денари, на расходната ставка 41710 – Надоместоци за Комисија – тековна година ќе се пренаменат средства во износ од 540.000, на расходната ставка 41712 – Надоместоци по договор ќе се пренаменат средства во износ од 30.000 денари, на расходната ставка 41735 – Услуги за привремени вработувања ќе се пренаменат средства во износ од 440.000 денари, на расходната ставка 47001 – ДЛД - Надомест за Комисија - тековна година ќе се пренаменат средства во износ од 59.500 денари и на расходната ставка 47004 – ДЛД – Договор ќе се пренаменат средства во износ од 3.500 денари, обезбедени од расходната ставка 41722 – Консултантски услуги 810.000 денари, од расходната ставка 41736 – Услуги за архивирање 130.000 денари, од расходната ставка 41734 – Обуки за стручно усовршување 105.000 денари и од расходната ставка 47006 – ДЛД – други исплати 63.000 денари.

Изменетиот План за јавни набавки на Агенцијата за пошти за 2023 година стапува на сила на денот на донесување на оваа одлука.

Бр. 02-219/6

Скопје, 30.10.2023 година

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Комисија
Борче Груевски претседател